НА 16 НОЕМВРИ ВО ДОМОТ НА МЛАДИТЕ

# ИЗЛОЖБА »КРИТИЧАРИТЕ ОДБРАА«

**На иницијатива на Домот на младите „25 мај" од Скопје, од оваа година, по избор на ликовни критичари, ќе се организираат изложби на помладите учесници од годишните изложби на ДЛУМ**

**ДОМОТ НА МЛАДИТЕ** „25 мај" од Скопје неодамна одлучи да организира традиционална изложба под наслов **„Критичарите одбраа"**. Според плановите, оваа изложба треба да се одржи на 16 овој месец во Изложбениот салон на Домот.

Оваа ликовна манифестација треба да произлезе од Годишната изложба на ДЛУМ, со цел да ги опфати актуелните движења во современата македонска ликовна уметност преку делата на помладите учесници. Според замислата, изложбата секогаш ќе следува по годишните изложби на Друштвото на ликовните уметници на Македонија.

Редакцискиот колегиум при Домот за својата прва изложба покани петмина ликовни критичари кои ќе треба да предложат по двајца помлади учесници од изложбата на ДЛУМ. Тоа се: Соња Абациева-Димитрова, Љубица Дамјановска, Богдан Мусовиќ, Викторија Васев-Димеска и Владимир Величковски, кои со куси осврти за творештвото на уметниците избрани за изложбата „Критичарите одбраа", ќе учествуваат и во нејзиниот каталог.

За време на траењето на изложбата „Критичарите одбраа", ќе биде организиран и разговор на тема „Современите движења во македонската ликовна уметност и нивните карактеристични белези".

Н.М. 2.XI 1979